Архивски број: 05-30/3

Датум: 11.05.2026

**БАРАЊЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ**

**за услуги за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE).**

14a Dame Gruev Str.
+389 2 3 227 100
ks@ks.org.mk

**БАРАЊЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ**

Почитувани,

Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје Ве поканува да доставите понуда за вршење услуги: подготовка на на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), финансиран од Европската комисија во програмата LIFE-2024-TA CAP-LIFE „Проекти за техничка помош за градење капацитети на Европската извршна агенција за клима, инфраструктура и животна средина“.

За таа цел, Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје спроведува постапка за прибирање понуди за вршење услуги.

Ве молиме да ни ја доставите вашата понуда за горе наведениот предмет најдоцна до 18.05.2026 година (четврток), до 12:00 часот на адреса на Центар К&С Скопје во затворен плик, со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“.

Со ова Барање ви ја доставуваме потребната документација која ги содржи сите информации кои ќе ви помогнат за изработка на вашата понуда.

Ви благодариме на соработката,

Скопје, 11.05. 2026 година

Претседател,
Проф. д-р Христина Спасевска

**Прилог 1: Општи информации за понудувачите**

Врз основа на Одлуката бр. 05-30/1 од 08.05.2026 година за започнување на постапка за прибирање понуди за подготовка на на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија" (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје ќе спроведе постапка за избор на понудувач чија што понуда ги исполнува пропишаните критериуми од документацијата и техничката спецификација и ќе биде избрана како најповолна.

Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје ќе склучи договор за реализација на предметот на набавката со понудувачот чија понуда ја избрал како најповолна.

Времетраењето на договорот ќе биде од денот на неговото потпишување од двете договорни страни, па сѐ до исполнувањето на предметот на договорот.

Составен дел на договорот за реализација на предметот ќе биде понудата на понудувачот, чија понуда е избрана за најповолна.

**Прилог 2: Објаснување за техничката спецификација и финансиската понуда**

1. **Техничка спецификација за промотивно видео**

Изработка на висококвалитетно промотивно видео кое ќе обезбеди јасна, атрактивна и разбирлива презентација на програмата LIFE, нејзините приоритети, можности за финансирање и придобивки, со цел зголемување на информираноста и ангажманот на целните групи.

**Времетраење**

- Основна верзија (1-2 минути)
- Дополнителна кратка верзија за социјални мрежи (до 30 секунди)

**Визуелни карактеристики**

Формат и резолуција:

- Full HD (1920x1080) – минимум
- Препорачано: 4K (3840x2160)
- Aspect ratio: 16:9 (главна верзија), адаптации 1:1 и 9:16 за социјални мрежи

Дизајн и визуелен стил:

- Модерен, динамичен и професионален визуелен идентитет
- Усогласеност со визуелниот идентитет на ЕУ (LIFE Programme branding)
- Конзистентна употреба на бои, фонтови и графички елементи

Видео материјали:

- Комбинација од оригинални снимки (доколку е применливо), stock footage (висок квалитет, лиценциран)
- Визуели поврзани со животна средина, климатски акции, чиста енергија и одржлив развој

**Аудио карактеристики**

- Професионална нарација (voice-over)
- Јазици: Македонски/Англиски/Албански
- Позадинска музика (royalty-free, лиценцирана)
- Балансиран звук (voice/music/effects)
- Синхронизација со визуелната содржина

**Дистрибуција и користење**

Видеото треба да биде оптимизирано за:

- Социјални мрежи (Facebook, LinkedIn, YouTube)
- Веб-страници и е-платформи
- Настани, презентации и работилници

**Стандарди и усогласеност**

- Усогласеност со комуникациските насоки на Европската комисија
- Видливо користење на ЕУ амблем и LIFE ознаки
- Почитување на авторски права и лиценци
- GDPR усогласеност (доколку се користат лица/интервјуа)

**Апликантите мора да ги исполнуваат следниве критериуми**

1. Релевантно образование или искуство во видео продукција
2. Минимум 3 години искуство и доставено портфолио
3. Технички капацитет за снимање, монтажа и анимација
4. Познавање на македонски и англиски јазик
5. Способност за работа во рокови и со ревизии
6. Почитување на авторски права и ЕУ комуникациски насоки.

**Поседување на следните особини ќе се смета за предност**

- Лична и професионална ефективност
- Прецизност и ажурност во работата
- Страст за креативни идеи
- Структуриран начин на работа
- Одлична комуникација, одговорност, индивидуална работа
- Флексибилно работно време
- Посветеност кон задачи и исполнување на истите во предвиден рок.

**2. Финансиската понуда треба да биде во следниот формат:**

| Број | Опис на производ/услуга | Количина | Единечна цена без ДДВ (во МКД)[1] | Вкупна цена без ДДВ (во МКД)[2] | Вкупна цена со ДДВ (во МКД)[3] |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | **Вкупно** | | | | |

**Забелешки:**

[1] Ве молиме пополнете ги сите колони во табелата. Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Затоа, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да се сметаат за подобни.

[2] Бруто-износ (вклучени сите трошоци и давачки).

[3] Колоната „вкупна цена со ДДВ“ не мора да ја пополнувате само доколку не сте ДДВ-обврзник.

[4] Набавувачот ќе го плати нето-износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган потребните документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.

Во прилог на понудите треба да се достави и неопходната документација за потврда на квалификациите на кандидатот:

1. Кратка биографија

Понудата се доставува по пошта или во архивата на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје (ул. Даме Груев, бр. 14а, 1000 Скопје), во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.

**Прилог 3: Критериуми за избор**

**I. Предмет на договорот за вршење на услуги**

Предмет на договорот за вршење на услуги е подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE). Детален опис на предметот на Договорот е даден во техничката спецификација, Прилог 2.

**II. Вид на постапка за доделување договор за набавка**

Договорот за набавка ќе се додели врз основа на Барањето за прибирање понуди.

**III. Применливи прописи**

При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, како и потребните закони на Република Северна Македонија. При подготовката на својата понуда на понудувачот ќе му биде исплатена нето вредноста согласно член 3, став 2 и член 4, став 2 од „Правилникот за спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ), при увоз на добра - стоки и за обезбедување средства за плаќање на акциза и ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата, потребни за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори“, објавен во „Службен весник на РМ“, бр. 54/2003 од 19.8.2003 година, согласно член 8 од „Упатството за начинот на спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ) при увоз на добра - стоки и за обезбедување средства за плаќање на акциза и ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата, потребни за реализирање на проекти финансирани со парични неповратни средства на странски донатори“ на Министерството за финансии, бр. 08-17077/1 од 7.8.2003 година, и согласно Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија од 26.7.1996 година, во кој стои клаузулата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање јавни давачки во Република Северна Македонија.

**IV. Критериум за склучување договор за набавка**

1. Критериум за склучување договор за набавка е економски најповолната понуда.

За носител на набавката ќе биде избран оној понудувач / кандидат чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој производ, согласно критериумот економски најповолна понуда.

2. Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве:
- квалитет........................................................................................ 50 бодови;
- цена ............................................................................................... 50 бодови.

3. За критериумот квалитет се утврдени вкупно 50 бодови за сите услуги (максимум 30 бодови за квалитетот на понудениот концепт, од кои максимум по 10 бодови за иновативноста на дизајнот, уникатноста и комплексноста на предложените концепти за видео и максимум 10 бодови за флексибилноста и понудените рокови за отклонување на грешки).

4. За критериумот цена се утврдени вкупно 50 бодови. Заради евалуација цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена за сите услуги без данок на додадена вредност, при што најмногу 50 бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена, а останатите понудени цени ќе се бодираат на следниот начин: најниска цена/цена на понудувачот/50 = ____ %, како бодови за цена на понудувачот.

**V. Евалуација на понудите**

- При евалуацијата на понудите ќе се земат предвид бодовите од двата критериума. За најповолен понудувач ќе биде избран понудувачот со најголем збир на бодови по двата критериума.
- Евалуацијата на понудите ќе се врши од страна на Комисија за избор и евалуација, формирана од страна на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје за спроведување на постапката.

**VI. Спречување судир на интереси**

За спречување судир на интереси во постапките за склучување договор за набавка се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

**VII. Начин на комуникација**

Секое барање, информација, известување и други документи во постапката се испраќаат во писмена форма. Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.
Понудата се доставува по пошта или во Архивата на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје (ул. Даме Груев, бр. 14а, 1000 Скопје), во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“.

**VIII. Склучување договор**

Договорот се склучува со оној понудувач чија понуда е утврдена како најповолна врз основа на критериумот за најповолна понуда.

**Прилог 4: Образец на понуда (НА ВАШ МЕМОРАНДУМ за фирми)**

Врз основа на Барањето за поднесување понуда, број 05-30/3 од 11.05.2026 година, објавено од страна на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, за договор за вршење услуги за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), ја поднесувам следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

**I.1. Назив на компанијата/ Име и презиме на кандидатот:**

**I.2. Контакт - информации**

Адреса:
Телефон:
Е-пошта:
Лице за контакт:
Одговорно лице:
Даночен број/ЕМБГ:

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласен сум да ги испорачам бараните услуги според спецификациите дадени во Дел III - финансиска понуда. Подобри спецификации нудиме за ..............................................................................
II.2. Рокот за испорака на услугите е ....... денови (со букви...............)

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на мојата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **.............................**[со бројки] ..................................................................[со букви].

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **...............................**

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| **Број** | **Опис на производ/услуга** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ (во МКД)**[1] | **Вкупна цена без ДДВ (во МКД)** [2] | **Вкупна цена со ДДВ (во МКД)**[3] |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | **Вкупно** | | | | |

III.3. Понудата важи за периодот утврден во документацијата.
Се согласувам со начинот на плаќање утврден во документацијата.

III.4. Со поднесувањето на оваа понуда, во целост ги прифаќам условите предвидени во документацијата и приложениот Нацрт-договор.

Место и датум

Понудувач/Кандидат

14a Dame Gruev Str.
+389 2 3 227 100
ks@ks.org.mk

**Прилог 5: Изјава со која понудувачот потврдува дека ги прифаќа критериумите и условите во Барањето за поднесување понуди со документацијата**

**ИЗЈАВА**

Јас, **................................,** од компанијата **................................**., изјавувам дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќам критериумите и условите од Барањето за поднесување понуди на услуги за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), број 05-26/3 од 22.04.2026 година, врз основа на што ја поднесувам оваа понуда.

Согласен сум тие услови во целост да претставуваат составен дел на Договорот за вршење услуги.

| Место и датум | Понудувач/Кандидат |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |

**Прилог 6: Модел на Договор за вршење услуги**

**Д О Г О В О Р**
**за вршење услуги**

Склучен во Скопје, помеѓу следните договорни страни:

1. Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, ул. Даме Груев, бр. 14а, 1000 Скопје, застапувана од Претседателот, проф. д-р Христина Спасевска, (во понатамошниот текст: нарачател) и

2. **........................,** застапувано од ..............................., управител (во понатамошниот текст: извршител) - за фирми-

   или

   **........................,** (име и презиме на кандидатот, занимање), бр. на лк. .................... со адреса на живеење ................................. (во понатамошниот текст: извршител) – за физики лица-

**Член 1**

Со овој договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на нарачателот и извршителот во врска со извршување на услуги услуги за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), согласно понудата на извршителот која е составен дел на овој договор. Извршителот се обврзува договрените услуги да ги исполни и испорача во целост и согласно договорениот квалитет и динамика, а нарачателот и да ја плати договорената цена за испорачаните услуги во согласност со одредбите на овој договор.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на услуги за подготовка на промотивно видео за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), според прифатените услови и спецификацијата согласно Барањето на доставување на понуди број број 05-30/3 од 11.05.2026 година на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, а дадени во понудата број ---------, што претставува составен дел од овој Договор.

Видот и обемот (количината) на набавката е определен со Техничка спецификација во понудата на Извршителот на услугата.

**Член 3**

Вкупната вредност на услугата од член 1 на овој договор изнесува **...............денари без ДДВ во бруто износ**, по цени за видот и количините согласно Понудата, која е во прилог на овој договор. Цените се фиксни до истекот на рокот на важност на овој Договор.

**НАЧИН И РОК НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА**

**Член 4**

Извршителот на услугата се обврзува благовремено да одговори на потребите на Нарачателот на услугата според утврдената техничка спецификација.

Извршителот на услугата е должен предметото на договор да го испорача согласно наведениот рок на испорака во техничката спецификација на договорените услуги.

**Член 5**

Извршителот се обврзува да ја испорача услугата согласно утврдените критериуми за квалитет наведени во понудата.

Доколку извршителот испорача услуга со понизок квалитет или друг вид, Нарачателот нема да ја прифати, а истата ќе биде одбиена на товар на извршителот.

**Член 6**

Рокот на изработка на материјалите е месец ноември 2026 година.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 7**

Плаќањето на износот наведен во член 3 на овој договор ќе се изврши по реализација на договорената услуга, а најдоцна 1 месец по истекот на крајниот рок на извршување на услугата.

Износот наведен во член 3 се уплатува на трансакциската сметка на Извршителот, според следните податоци:

Податоци за уплатна с-ка,<br>Носител на с-ката,<br>ЕМБГ.<br>Број на трансакциска с-ка,<br>Банка депонент на с-ката

Должничко-доверителскиот однос настанува со денот на извршување на услугите, кои се предмет на овој договор.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 8**

Доколку во текот на приемот на услугата од член 1 од овој договор се утврди дека услугите не одговараат на утврдениот вид, количина и квалитет, извршителот се обврзува истите да ги замени со соодветни во најкус можен рок соодветно на природата на работата која треба да се изврши за да се отстранат недостатоците. Во спротивно, нарачателот има право да го раскине овој договор.

**Член 9**

Доколку една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската, или да го раскине Договорот со писмена изјава.

Договорната страна која поради неисполнување на договрените обврски го раскинува Договорот е должна тоа да и го соопшти на другата договорна страна безодлагање во писмена форма.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Овој договор влегува во сила од денот на неговото потпишување од двете договорни страни и важи до неговата целосна реализација.

За се` што не е предвидено со овој договор, ќе се применува Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Македонија кои се однесуваат на предметот на овој договор.

Сите спорови што ќе произлезат од овој договор ќе се решаваат спогодбено. Ако спорот не може да се реши спогодбено, надлежен е Основниот суд Скопје 2.

Овој договор може да се менува со Анекс-договор само во согласност со двете страни.

Овој договор е склучен во (3) три еднакви примероци, од кои два (2) за нарачателот на услугата и еден (1) примерок за Извршителот на услугата.

| Нарачател<br>Центар за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје | Извршител |
|---|---|
| (Име и презиме на овластено лице, потпис и печат) | (Име и презиме/ име и презиме на овластено лице, потпис и печат) |